International Labour Organization

ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА

БИЗНИС КОНФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19: Предизвици, потреби и очекувања на претпријатијата во Северна Македонија

Втора фаза



# ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19: Предизвици, потреби и очекувања на претпријатијата во Северна Македонија

Втора фаза

Автор: **Никица Мојсоска Блажевски**

Март, 2021

Copyright © International Labour Organization 2021
Прво издание 2021

Изданијата на Меѓународната канцеларија на трудот се предмет на авторски права врз основа на Протокол 2 на Универзалната конвенција за авторски права. Меѓутоа, кратки извадоци може да се репродуцираат без одобрение, под услов да се наведе изворот. Барањето за права за репродукција или превод треба да се поднесе до ILO Publications (Rights and Licensing), International Labour Office, CH-1211 Geneva 22, Switzerland или на следната електронска пошта: rights@ilo.org. Меѓународната канцеларија на трудот ги поздравува таквите барања.

Библиотеките, институциите и другите корисници што се регистрирани кај поврзаните Организации за права за репродукција, може да прават копии во согласност со лиценците што им се издадени за таа намена. Посетете ја www.ifrro.org за да најдете организација за права за репродукција во вашата земја.

*ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19: Предизвици, потреби и очекувања на претпријатијата во Северна Македонија*
Издание на македонски јазик

ISBN: 9789220344002 (Web PDF)

Достапно и на англиски јазик: *Evolving challenges and expectations facing Macedonian enterprises during the COVID-19 pandemic*,

ISBN: 9789220343999 (Web PDF)

Ознаките што се користат во изданијата на МОТ, што се во согласност со практиката на Обединетите нации, и презентацијата на материјалот содржан во нив не подразбираат изразување на какво било мислење од страна на Меѓународната канцеларија на трудот во врска со правниот статус на која било земја, област или територија, на нејзините власти или во врска со нејзините граници.

Одговорноста за ставовите што се изнесени во потпишаните статии, студии и останати прилози ја сносат исклучиво нивните автори, а изданието не претставува одобрување од страна на Меѓународната канцеларија на трудот за изнесените мислења.

Упатувањата до називи на фирми и комерцијални производи и процеси не повлекуваат нивно одобрување од страна на Меѓународната канцеларија на трудот, а секое неспомнување на некоја конкретна фирма, комерцијален производ или процес не е знак на неодобрување. Информации за изданијата и електронските производи на МОТ може да се најдат на: www.ilo.org/publns.

International Labour Organization

Овој извештај е изготвен во рамки на проектот Зајакнување на социјалниот дијалог, кој е финансиран од Европската Унија, а го спроведува Меѓународната организација на трудот.

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината е целосна одговорност на авторот и не го одразува ставот на Европската Унија и на Меѓународната организација на трудот.

# Содржина


Кратенки 4

**За анкетата 5**

**Клучни наоди и препораки за политики 7**

I. Преглед на одговорот на владата на кризата предизвикана од КОВИД-19 13

II. Влијанието на КОВИД-19 врз работењето и приходот на претпријатијата 15

III. Главни предизвици и стратегии за приспособување 18

IV. Перцепцијата на претпријатијата за владините мерки за поддршка 26

**Референци 33**

**Прилози: Дескриптивна статистика на анкетираните претпријатија 34**

# Кратенки

| | |
|---|---|
| **БКМ** | Бизнис конфедерација на Македонија |
| **МОТ** | Меѓународна организација на трудот |
| **ММСП** | Микро, мали и средни претпријатија |
| **ОРМ** | Организација на работодавачи на Македонија |

# За анкетата

Речиси една година од почетокот на кризата предизвикана од КОВИД-19 во Северна Македонија, а иднината е сѐ уште неизвесна. Иако разните вакцини носат одреден оптимизам, причините за загриженост ги вклучуваат мутациите на вирусот и новите информации од Светската здравствена организација за истрајноста на вирусот во 2021 година. Овој извештај е дел од заедничките напори на Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) да соберат докази како кризата влијае врз деловното работење и одржливоста и да влијаат врз новите економски мерки на Владата за поддршка на потребите на претпријатијата.

Пандемијата негативно влијаеше врз севкупната економска активност во Северна Македонија, каде просечниот пад на БДП изнесуваше -5,3 проценти во првите три тримесечја на 2020 година. Според податоците од Анкетата на работната сила, пазарот на труд покажал одредена отпорност. Стапката на вработеност во третото тромесечје (Т3) изнесувала 54, 1 проценти, додека во првото тромесечје на 2020 година имаше пад на вработеноста на годишно ниво (0,7 процентни поенти пониско отколку во Т3 на 2019 година). Во тој период беа изгубени 13.700 работни места, што претставува 1,8 проценти од вкупните работни места. Стапката на невработеност се намалила во текот на 2020 година, и стигнала до 16,5 проценти во Т3, што е 0,6 процентни поени пониско отколку претходната година. Во едно неодамнешно интервју, Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања изјавил дека Владата спасила околу 80.000 работни места со кризните економски стимулативни мерки.[1]

Неодамна во Северна Македонија беа објавени два извештаи изготвени со поддршка на МОТ. Извештајот за влијанието на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 врз претпријатијата во Северна Македонија[2] ги претставува резултатите од првата анкета на претпријатијата и дава препораки за креаторите на политики, додека брзата процена на МОТ го оценува влијанието на пандемијата врз работните места и одговорите на политиките.[3]

Со техничка поддршка на МОТ, во Северна Македонија беше спроведена втора фаза на анкетата на претпријатијата од октомври до декември 2020 година. Анкетата беше спроведена во електронска форма преку неколку канали,  додека

---

1 Изјава на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции на 26 јануари 2021 година. Достапно на https://iportal.mk/makedonija/bitikji-spasivme-najmalku-80-000-rabotni-mesta-kreirame-novi-antikrizni-merki-od-pedesetina-predlozi/.

2 Македонија 2025. Влијанието на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 врз претпријатијата во Северна Македонија. Мај 2020 година. Достапно на: https://socijalendijalog.mk/wp-content/uploads/2020/08/ENG-Report-on-the-impact-of-Covid-19-FINAL-rev-4-17-8-20.pdf

3 International Labour Organization 2020. COVID-19 and the World of Work: Rapid Assessment of the Employment Impacts and Policy Responses. Северна Македонија. Прво издание. 15 мај 2020 година. Достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---sro-budapest/documents/publication/wcms_746124.pdf

анкетниот прашалник беше сличен на прашалникот што се користеше во првата фаза во април-мај 2020 година, за да се овозможи одредена споредба. Целта на анкетата не беше таа да биде репрезентативна во чисто статистичка смисла, туку нејзината цел беше да се соберат колку што е можно повеќе одговори.

Подетални демографски податоци може да се најдат во Прилогот. Најголем број од анкетираните претпријатија биле мали (35 проценти) или микро претпријатија (32 проценти). Повеќето од анкетираните претпријатија (30 проценти) се од производствената индустрија, 15 проценти се занимаваат со други услужни дејност, а 12 проценти се занимаваат со трговија на големо и мало. Анкетата ја пополниле околу 246 претпријатија.

Втората фаза на анкетата е пократка и прашањата се подобро приспособени за проучување на тековната економска состојба и состојбата со пандемијата. Исто така, таа дава побогати податоци од родова перспектива и од перспектива на работењето од далечина. Втората фаза на анкетата ја мери перцепцијата на претпријатијата на нивниот деловен континуитет, финансиската состојба, статусот на работната сила, ефективноста на тековните владини мерки за поддршка и деловното размислување. Одговорите на анкетата биле искористени за да се дефинираат изводливи препораки според потребите на претпријатијата.

# Клучни наоди и препораки за политики

Состојбата со која се соочени македонските претпријатија значително се подобрила од периодот кога се спроведуваше првата анкета на почетокот на пандемијата со КОВИД-19, во второто тромесечје на 2020 година (април-мај). Втората фаза на анкетата беше спроведена во четвртото тромесечје на 2020 година (октомври-декември)

**Големо мнозинство претпријатија (83 проценти) продолжиле со работењето со полн капацитет во четвртото тромесечје од 2020 година.** Во текот на првата анкета (април-мај) само 44 проценти од претпријатијата работеле со полн капацитет. Од претпријатијата што работеле со полн капацитет во четвртото тромесечје на 2020 година, 54 проценти целосно работеле со физичко присуство на работното место, во споредба со само 22 проценти што работеле на тој начин во текот на април-мај. Речиси една четвртина од претпријатијата работеле со полн капацитет преку комбинирање на работата на работно место и работење од далечина. Само 7 проценти од претпријатијата во четвртото тромесечје на 2020 година работеле со значително намален капацитет, во споредба со 19 проценти од претпријатијата што работеле на тој начин во текот на април-мај. Малку повеќе од 50 проценти од анкетираните претпријатија изјавиле дека главните оперативни предизвици биле отсуството на вработените од работа поради болест или поради владините уредби, голем пад на побарувачката за производите на претпријатието и задоцнето плаќање од страна на купувачите. Дополнителен предизвик бил неможноста да организираат работење од далечина, како што изјавиле 44 проценти од анкетираните претпријатија.

**Најголемиот број од анкетираните претпријатија (86 проценти) евидентирале пад на приходите поради КОВИД-19 во споредба со претходната година.** Но, позитивно е тоа што падот на приходите се подобрил во текот на двата периоди на спроведување на анкетата. Во текот на четвртото тромесечје, 31 процент од претпријатијата доживеале намалување на нивните приходи поголемо од 40 проценти, додека една третина од претпријатијата доживеале намалување на приходите од 20-40 проценти, во споредба со истиот период во 2019 година. Микро претпријатијата доживеале најголема загуба во приходите во однос на малите, средните и големите претпријатија. поголемиот број претпријатија (72 проценти) забележале дека профитабилноста во 2020 година ќе биде пониска отколку во 2019 година. Тоа е слично со наодите од анкетата во април-мај, покажувајќи дека 78 проценти од претпријатијата очекуваат пад на профитабилноста. Само 3 проценти од претпријатијата очекуваат зголемување на приходите во 2020 година, а 8 проценти очекуваат да бидат повеќе профитабилни во 2020 година во споредба со 2019 година.

**За подобрување на отпорноста на нивното претпријатие, повеќе од половина од анкетираните претпријатија (52 проценти) понудиле нови производи и услуги или направиле модификации на постојните производи/услуги.** Околу 35 проценти од претпријатијата ја намалиле цената на избран производ и услуга; една четвртина од претпријатијата се погрижиле да им бидат достапни на нивните купувачи преку обезбедување достава и/или онлајн продажба, а 9 проценти изјавиле дека се стекнале со нов талент како стратегија за зголемување на приходите. Сепак, биле пријавени клучни предизвици - особено во рамките на синџирот на вредности – вклучувајќи ја недоволната домашна побарувачка (57 проценти) и пониска надворешна побарувачка (27 проценти).

**Слично на резултатите од првата анкета, наодите од четвртото тромесечје покажале дека само мал дел од претпријатијата (12 проценти) отпуштиле вработени и покрај економските тешкотии во текот на пандемијата.** Претпријатијата искористиле други алтернативи за да ги намалат трошоците за вработените, како на пример, го намалиле/одложиле покачувањето на платите и годишните бонуси, го намалиле/замрзнале вработувањето нови лица и ги намалиле трошоците за развој на персоналот. Што се однесува до претпријатијата што отпуштиле вработени, мнозинството отпуштиле помалку од 10 проценти од своите вработени. Во времето на анкетата, 3 проценти од претпријатијата изјавиле дека дефинитивно ќе отпуштат работници до крајот на годината, а 20 одговориле дека најверојатно ќе отпуштат работници.

**Не изненадува тоа што голем дел од претпријатијата во Северна Македонија искористиле работење од далечина, опција што ретко се користела пред пандемијата (9 проценти од претпријатијата).** Околу 67 проценти од претпријатијата користеле работење од далечина во текот на кулминацијата на пандемијата од КОВИД-19[4], а речиси една третина ќе го користи работењето од далечина по завршувањето на пандемијата. Тоа значи дека пандемијата сепак донела голема промена во начинот на работење во Северна Македонија. Околу 26 проценти од претпријатијата одговориле дека ќе ги изменат своите практики за да овозможат поголемо користење на работењето од далечина и флексибилно уредување.

**Во однос на владината поддршка, претпријатијата покажуваат релативно незадоволство (изразено од 61 процент) од соодветноста на владините мерки за справување со негативните ефекти на КОВИД-19 врз економијата.** Од нив, 18 проценти веруваат дека мерките биле целосно несоодветни, додека 43 проценти сметаат дека мерките би можеле да бидат подобри. Мерките спасиле 3 проценти од анкетираните претпријатија. Слично на наодите од првата фаза на анкетата, најмногу ценета мерка од страна на претпријатијата била поддршката на плата (субвенција на плата), како што изјавиле 50 проценти од претпријатијата, а на 11 проценти од нив таа им го спасила претпријатието. По неа следува мораториумот на исплатата на долговите и намалувањето на ДДВ за одредени индустрии. Од сите анкетирани претпријатија, 22 проценти одговориле дека сигурно ќе се пријават за мерките од четвртиот антикризен пакет на економски мерки, а 29 проценти изјавиле дека најверојатно ќе се

---

4 Во Северна Македонија, април-мај 2020 година беше период на најинтензивните безбедносни мерки, полициски час и ограничувања на работењата во одредени сектори (на пример, ресторани, хотели, итн.). Оттогаш, повеќето активности се вратени (блиску до нормала). Оттука, и покрај тоа што најголемиот број случаи на КОВИД-19беа забележени во ноември 2020 година, кулминацијата најчесто се поврзува со периодот април-мај, односно кога беше спроведена првата анкета.

пријават. Од оние претпријатија што ќе се пријават за четвртиот пакет мерки, 46 проценти ќе се пријават за поддршка на плата, 16 проценти ќе се пријават за грантови за посебни индустрии, а 14 проценти за одложување на плаќањето на кредитите.

**Помалку од половина од анкетираните претпријатија (47 проценти) сметаат дека владата ги вклучила главните барања на деловната заедница при формулирањето на четвртиот пакет мерки за економска поддршка.** Голем процент од претпријатијата (41 проценти) изразиле потреба за дополнителен, петти пакет антикризни мерки. Поддршката на плата се смета за најкорисната дополнителна мерка што треба да се вклучи во петтиот пакет антикризни мерки, по што следуваат дополнителни субвенционирани или гарантирани заеми од Македонската банка за поддршка на развојот. Испитаниците, исто така спомнале даночни или одложувања на плаќањето кредити, како и некои „меки“ мерки, како што се подобро информирање и информации за контакт за достапните мерки, и редовно работење на државните институции. Големите претпријатија покажуваат помала потреба за дополнителни мерки, иако и за нив, поддршката на плата е најзначајната мерка.

Иако повеќето претпријатија очекуваат целосно закрепнување, закрепнувањето ќе биде релативно бавно. Околу 41 процент од претпријатијата очекуваат дека закрепнувањето ќе трае подолго од една година, а 35 проценти очекуваат дека закрепнувањето ќе трае 6-12 месеци.

# Препораки за политики

Наодите од втората фаза на анкетата на работодавачите даваат систематски доказ за големината на влијанието на пандемијата врз македонските претпријатија. Досега, претпријатијата имаа корист од владината поддршка и мерки, иако е тешко да се процени дали поддршката била доволна. Од една страна на спектарот, некои претпријатија изјавиле дека мерките ги спасиле (од 1 до 11 проценти од претпријатијата, во зависност од мерката), додека на другиот спектар се неколку претпријатија што не искористиле ниту една мерка бидејќи не им биле потребни или бидејќи не ги исполниле критериумите. Приближно 9 проценти од претпријатијата (во просек) одговориле дека мерките биле соодветни, но претпријатието би преживеало без нив (покажувајќи неефикасни трошоци).

Според наодите од анкетата и консултациите (вклучувајќи дискусии во фокус-групи) со претставниците на претпријатијата, Организацијата на работодавачи на Македонија и Бизнис конфедерацијата на Македонија заеднички ги предложија следните препораки за Владата:

- **Да се донесе петти пакет економски мерки за дополнителна поддршка на претпријатијата да продолжат со работењето**

Според наодите на анкетата и препознавајќи дека пандемијата се развлече, и се очекува вакцинацијата во Северна Македонија да почне подоцна отколку во земјите членки на Европската Унија, на претпријатијата ќе им биде потребна дополнителна поддршка за да можат да продолжат со работењето и да го забрзаат закрепнувањето.

- **Да се изготват построги и посоодветни критериуми за претпријатијата што се квалификуваат за мерките за владина поддршка**

По првичните шокови врз економијата и претпријатијата, претпријатијата се приспособиле на новата средина и некои од нив за кратко време целосно ќе закрепнат (по спроведувањето одредени политики за прилагодување). Оттука, петтиот пакет може да содржи построги критериуми и да биде достапен само за оние претпријатија што сè уште се соочуваат со финансиски загуби и несигурна иднина. Тоа е значајно за да се намалат неефикасните трошоци и идната цена да ја платат граѓаните (покрај растечкиот јавен долг).

Понатаму, според македонските претпријатија, критериумите што се користат за некои економски мерки за поддршка не се соодветни за намената. Еден пример е критериумот за намалување на обртот (како мерка за успешноста на претпријатието), што е главното правила за квалификуваност за поддршката за плата (мерка за задржување на работните места). Според работодавачите, намалувањето на обртот треба да се користи како критериум за директна поддршка на претпријатијата, а некако средство за поддршка на платите.

- **Да се продолжи со обезбедување субвенции на плати за најтешко погодените претпријатија, со промени во таргетирањето и критериумите за квалификување**

Владата треба повторно да ја процени потребата за продолжи со програмата за субвенции на плата по јануари 2021 година. Таа мерка е најпосакуваната програма/мерка од страна на претпријатијата (како дел од петтиот пакет). Меѓутоа, претпријатијата изјавиле желба за одредени измени во таргетирањето и критериумите. Особено, иако мерката спасила многу работни места, во многу случаи работниците не работат бидејќи обемот на работа е низок. Таргетирањето за оваа мерка до денес е широко, што во минатото можеби било оправдано со оглед на тоа дека имало многу непознати фактори. Ако поддршката на плати продолжи, таа треба да биде многу подобро испланирана и креирана. Позначајно прашање за претпријатијата е бројот на изгубени работни часови. Во текот на пандемијата предизвикана од КОВИД-19, претпријатијата се соочиле со големи загуби на работните часови поради следниве причини: платено отсуство, принудно платено или неплатено отсуство, заразеност со КОВИД-19 и мерки за самоизолација, намален обем на работа, затворање и слично. МОТ изготви детален предлог за изготвување ваква мерка (првично предложено да се спроведе во јули-декември 2020 година) и пресмета колку ќе чини тоа. Месечниот трошок за оваа мерка беше пресметан во износ од приближно 19,7 милиони евра,[5] многу помалку отколку мерката за поддршка на плати како што е замислена сега, со просечен трошок од 28 милиони евра месечно.[6] Според критериумот предложен од МОТ (комбинација на одработен часови, работни места и обрт) субвенцијата на плата ќе опфати приближно 84.000 работници месечно, во споредба со приближно 117.000 работници опфатени со субвенцијата на плата во периодот април-мај 2020 година, во просек.

Понатаму, претпријатијата изразиле критика на критериумот за квалификување за субвенции на плата. На пример, програмата за субвенции на плата за периодот

5 Пресметка на МОТ (месечен износ) врз основа на предлог за мерка за зачувување работни места, достапна на барање.

6 Просечен месечен трошок на мерката субвенција на плата за периодот април-јуни, користејќи официјални владини информации.

октомври-декември 2020 година бараше претпријатието да го задржи истиот број на вработени како во август 2020 година. Овој критериум е тежок (и скап) за да се примени во некои сектори со големи сезонски флуктуации, како што се хотелите и ресторантите во летните туристички дестинации. Наместо тоа, споредбите треба да се направат со истиот период во 2019 година.

- **Да се обезбеди директна поддршка на претпријатијата за делумно покривање на нивните загуби**

Македонските претпријатија изјавиле дека владината поддршка треба да биде во форма на директна помош и грантови, за да се покријат загубите (или дел од нив) и претпријатијата да можат да преживеат и да ги задржат вработените, или да се шират во иднина, наместо „вештачки" да ги задржуваат вработените кога има малку, или воопшто нема работа. Претпријатијата сметаат дека иако кредитните линии без или со ниска каматна стапка може да обезбедат ликвидност за претпријатијата, но тоа е сепак заем што треба да биде исплатен во иднина. Директната поддршка во форма на грантови се спроведува во некои земји на Европската Унија (на пример, Германија), но критериумите/таргетирањето мора да бидат внимателно дефинирано и треба да бидат насочени само кон претпријатијата што биле тешко погодени од пандемијата (МОТ предложи критериуми за да се идентификуваат претпријатијата што биле најтешко погодени[7]).

- **Да се приспособат критериумите според кои претпријатијата добиваат пристап до заемите за ликвидност**

Препорачуваме на претпријатијата да им се понудат заеми за ликвидност преку Македонската банка за поддршка на развојот. Сепак, можеби е потребно да се променат критериумите. Некои претпријатија сметаат дека пристапот до заеми бил ограничен на финансиски стабилните претпријатија (оние без долг), што би преживеале дури и без заеми. Слично, големите претпријатија биле исклучени од поддршката.

- **Да се забрза враќањето на административните функции на државните институции во целост и обезбедување услуги за поддршка на претпријатијата**

Повторно ја изразуваме потребата за враќање во нормала на услугите и административните функции што институциите треба да ги обезбедат како поддршка на претпријатијата. Претпријатијата во оваа анкета ја повторија потребата државните институции да функционираат добро и да бидат сервис на претпријатијата (и граѓаните). Претпријатијата исто така ја изразија потребата за намалени парафискални трошоци и товари, како што се плаќањата поврзани со лиценците за заштита на животната средина, за водење лаборатории и слично. Тие можат да бидат посебни за одредени сектори и владата може да се консултира со организациите на работодавачите и здруженијата на разни индустрии за да се идентификуваат парафискалните трошоци што најмногу ги оптоваруваат и да направат план кои да се олеснат во текот на пандемијата.

- **Да се фокусира на долгорочни мерки поврзани со поддршка и кофинансирање на инвестициските активности на претпријатијата**

Целосно поддржуваме мерки што вклучуваат инвестициска компонента и што ќе ги поддржат претпријатијата да ја зголемат својата продуктивност, бидејќи

7 Предлогот за мерката за зачувување работни места е достапен на барање.

постои итна потреба од поголем раст на македонската економија, особено во контекст на растечкиот јавен долг.

Препорачуваме да се направат привремени измени на Законот за финансиска поддршка за инвестиции[8], да се олеснат критериумите за пристап и да се обезбеди повеќе поддршка за претпријатијата што сакаат да инвестираат во овие тешки и несигурни времиња. На пример, еден критериум за квалификување за финансиска поддршка (член 9) е претпријатијата да имаат евидентирано зголемување на приходите во годината пред пријавувањето. Ова тешко се применува за 2020 година. Владата треба да се консултира со организациите на работодавачите за оваа и за слични измени на Законот за да се подобри пристапот и да се поддржат претпријатијата при инвестирањето и зголемувањето на продуктивноста.

- **Да се подобри регулативата за работењето од далечина, што станува сè позастапено кај македонските претпријатија**

Сè повеќе претпријатијата се свртеле кон работењето од далечина во текот на пандемијата бидејќи тоа беше потребно, и очигледно е дека работењето од далечина ќе продолжи да се користи по пандемијата. Потребна е соодветна правна рамка за спроведување на оваа нестандардна форма на работење во Северна Македонија. Иако секогаш имало регулативи за нестандардните форми на работење (работење во посебен работен простор) во македонското трудово законодавство, потребна е дополнителна регулатива за решавање на правните неизвесности за работодавачите и за вработените.

8 Службен весник бр. 83/2018, со измените и дополнувањата.

# I. Преглед на одговорот на Владата на кризата предизвикана од КОВИД-19

До 15 јануари 2021година, Владата на Северна Македонија донесе и спроведе четири антикризни пакети на економски мерки што содржеа 70 мерки како помош во текот на кризата предизвикана од КОВИД-19. Вкупната вредност на пакетите изнесува 1 милијарда евра (9,2 проценти од БДП за 2020 година).[9] Поради специфичната политичка ситуација (таканаречената „техничка влада“ и нефункционалното Собрание поради закажаните избори што беа одложени), повеќето мерки од првите два пакети беа донесени во форма на владина Уредба со законска сила.[10] На тој начин се осигури брза реакција на пандемијата (дури и побрза отколку редовната собраниска постапка).

Економските антикризни пакети во Северна Македонија најчесто се фокусираа на следните области: (i) макроекономски мерки за поддршка на економијата и спречување големи падови на економската активност; (ii) поддршка на претпријатијата да го надминат овој период и да ги задржат работните места (особено оние што беа директно погодени од пандемијата); (iii) проширување на социјалната заштита на најранливите граѓани, вклучувајќи ги неформално вработените работници; (iv) стимулирање на домашната потрошувачка, и на домашното производство преку еднократни исплати на посиромашните граѓани, и (v) заштита на здравјето и безбедноста на работниците, како и здравјето на целото население.

Првите два пакети беа донесени на 10 март[11], како брзи мерки за интервенција, како што се безбедносните мерки со ограничено движење и затворање, задолжителен карантин, ограничување на патувањето, затворање на училиштата и затворање на границите. Првите сетови мерки кои беа насочени кон обезбедување помош за претпријатијата и ранливите граѓани да ги надминат тешкотиите беа донесени на 18 и 31 март 2020 година. Главните мерки за поддршка на претпријатијата беа следниве: зајакнати безбедносни мерки на работното место; субвенции на плати и/или социјални придонеси на ниво на минимална плата (14,500 денари по вработен); мерка за поддршка преку привремен приход, односно, исплата на минимална плата за спортисти, уметници, како и вработени за сопствена сметка (трговци поединци), занаетчии и земјоделци; одложување на авансните плаќања на данок; програми со бескаматни или нискокаматни заеми преку Развојната банка, итн.[12] Третиот пакет мерки (што се очекува да биде во вредност од 355 милиони евра во случај на целосно спроведување) главно се фокусираше на обезбедување дополнителна поддршка и приход пред сè за

9 Владата отвори посебна веб-страница за КОВИД-19, како и за економските мерки за КОВИД-19. Сите мерки се објаснети тука: https://vlada.mk/ekonomski-merki-COVID19.

10 Претседателот на Северна Македонија прогласи вонредна состојба на 18 март, со што техничката влада доби мандат да донесува уредби со законска сила.

11 За опис на мерките на англиски јазик, видете https://vlada.mk/node/20488?ln=en-gb.

12 Земјоделците регистрирани според Законот за пензиско и инвалидско осигурување беа изземени од оваа мерка.

посиромашните граѓани.[13] Овие мерки вклучуваа: ваучери за невработени и за лицата со ониски примања (на возраст на 16 години и повеќе) што можат да се искористат за купување македонски производи; поддршка за студентите и младите лица во форма на грантови за обуки; викенд без ДДВ за да се стимулира потрошувачката; и поддршка за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) во земјоделскиот сектор.

Во октомври 2020 година, Владата донесе втор ребаланс на буџетот што го зеде предвид четвртиот пакет економски мерки за ублажување на негативните ефекти на КОВИД-19. Четвртиот пакет мерки вклучуваше 31 мерка групирани во четири категории, како што следува: директна финансиска поддршка на претпријатијата; финансиска поддршка на граѓаните; даночно олеснување и мерки што се однесуваат на системски решенија. Ребалансот на буџетот вклучуваше 160 милиони евра за четвртиот пакет мерки. За повеќето мерки од овој пакет потребни се одредени измени на законодавството што значи дека спроведувањето на некои мерки ќе започне во 2021 година. Од друга страна, некои мерки, како што се субвенцијата на плата веќе се спроведуваат почнувајќи од ноември (за октомвриските плати). Во рамките на овој пакет беа вклучени нови категории ранливи граѓани и граѓани со низок приход и за нив беше обезбедена еднократна финансиска поддршка од 6,000 денари (приближно 98 евра). Тука се вклучени семејства со самохрани родители, пасивни баратели на работа и пензионери со месечни пензии најмногу до 15,000 денари (244 евра).

Треба да се спомне дека бројот на предлози и препораки што произлегоа од првата анкета на претпријатијата (април-мај 2020 година) беа вклучени во пакетите на економските антикризни мерки донесени од Владата, како што следува:

- **Продолжување на програмата за субвенција на плата прво до јуни, а потоа повторно почна со програмата во октомври, откако беше формирана новата влада;**
- **Промена во формулирањето на програмата за субвенција на плата (скалабилна субвенција во зависност од загубите на претпријатието);**
- **Дополнителни заеми за ликвидност преку Македонската банка за поддршка на развојот;**
- **Повлекување на рестрикциите за вработените родители што остануваа дома, што предизвика попречување на редовното работење во некои претпријатија (исто така, заврши продолженото породилно отсуство).**

Во времето на изготвување на овој извештај, Владата работеше на изготвување нови антикризни мерки. Вкупниот износ што се очекува за овој пакет е 50 милиони евра, и тој ќе биде наменет за микро претпријатијата. Владата води процес на консултации со организациите на работодавачите и другите бизнис организации за формулирањето на конкретни мерки од пакетот.

---

13 https://vlada.mk/node/21431

# ▸ II. Влијанието на КОВИД-19 врз работењето и приходот на претпријатијата

Податоците од анкетата покажуваат дека работењето на претпријатијата значително се подобрило по олеснувањето на безбедносните мерки и другите ограничувања на движењето (како што беше полицискиот час) што беа изречени во текот на периодот март-мај 2020 година Конкретно, во времето на спроведување на анкетата, 83 проценти од анкетираните претпријатија работеле со полн капацитет, иако применувајќи различни начини на работење. Околу 54 проценти од претпријатијата целосно работеле со физичко присуство на работното место, во споредба со само 22 проценти што работеле на тој начин во текот на безбедносните мерки со ограничено движење и затворање (Слика 1). Речиси една четвртина од претпријатијата комбинираат работа на работно место и работење од далечина и работат со целосен капацитет, и во текот на безбедносните мерки со ограничено движење и затворање и во времето на спроведување на анкетата. Додека во текот на спроведување на безбедносните мерки со ограничено движење и затворање, 19 проценти од претпријатијата работеле со значително намален капацитет, а тој број паднал на само 7 проценти од претпријатијата што работеле на тој начин во четвртото тромесечје на 2020 година.

**Слика 1.** Ниво на работење на претпријатијата, во моментот на анкетирањето и во текот на безбедносните мерки со ограничено движење и затворање (во % од сите анкетирани претпријатија)




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

За споредба, во април-мај, во времето на безбедносните мерки на ограничено движење и полициски час, само 57 проценти од претпријатијата работеле со целосен капацитет (или со физичко присуство на работното место, или со работење од далечина), а 9 проценти не работеле.

Како што е очекувано, поголем број од анкетираните претпријатија забележале пад на нивните приходи во текот на КОВИД-19 во споредба со претходната година. Само 3 проценти од анкетираните претпријатија пријавиле зголемување (Слика 2). 31 процент од претпријатијата доживеале намалување на нивните приходи поголемо од 40 проценти, додека една третина од претпријатијата доживеале намалување на приходите од 20-40 проценти, во споредба со истиот период во 2019 година. Податоците покажуваат одредено закрепнување на претпријатијата, бидејќи во април-мај, околу 43 проценти од претпријатијата евидентирале пад на приходите поголем од 50 проценти.[14] Анализата според големината на претпријатијата покажува дека големите компании биле најмалку погодени во однос на падот на приходите, додека микро-претпријатијата биле најмногу погодени (околу 40 проценти од микро-претпријатијата евидентирале пад на приходите поголем од 40 проценти).

**Слика 2.** Влијанието на КОВИД-19 врз приходите според големината на претпријатието, 2019–2020 година (процент од испитаниците)




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

14 Се правеше разлика меѓу мало влијание (намалување од помалку од 20 проценти), умерено (20-50 проценти) и значително (над 50 проценти).

За најголемиот број претпријатија, 74 проценти, профитабилноста во 2020 година ќе биде пониска отколку во 2019 година (Слика 3). Тоа е слично со наодите од анкетата во април-мај, покажувајќи дека 78 проценти од претпријатијата очекуваат пад на профитабилноста. 10 проценти пријавиле дека немале никакви промени во профитабилноста, а 8 проценти очекуваат да бидат повеќе профитабилни во 2020 година во споредба со претходната година. Исто така, поголемиот број претпријатија изјавиле дека целите на нивната деловна успешност (69 проценти) и дека нивните логистички трошоци се зголемиле (41 проценти).

**Слика 3.** Очекуваното влијание на КОВИД-19 врз финансиската успешност и деловниот успех на претпријатието во 2020 година (процент од претпријатијата)




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

Сите претпријатија, независно од нивната големина, доживеале сличен пад на профитабилноста, иако интензитетот е донекаде поголем кај поголемите претпријатија (80 проценти пријавиле пад на профитабилноста) и кај малите претпријатија (74 проценти). Што се однесува до целите на деловната успешност, податоците покажуваат дека најмалку погодени биле микро-претпријатијата. Во однос на секторите, најголем пад на профитабилноста е забележан кај професионалните, научните и техничките дејности; градежништвото и трговијата.

# III. Главни предизвици и стратегии за приспособување

Помалку од половината од анкетираните претпријатија (47 проценти ) имале план за непредвидени ситуации пред пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Сепак, само 13 проценти од претпријатијата без план за непредвидени ситуации изготвиле план за деловен континуитет во писмена форма по појавата на пандемијата предизвикана од КОВИД-19.

Трите најголеми предизвици за работењето на претпријатијата што произлегуваат од КОВИД-19 се следниве: отсуството на вработените од работа поради болест или поради владините уредби (пријавиле 54 проценти од претпријатијата), голем пад на побарувачката за производите на претпријатието (51 процент), и задоцнето плаќање од страна на купувачите (50 проценти) (Слика 4).

**Слика 4.** Главни оперативни предизвици со кои се соочиле претпријатијата како резултат од КОВИД-19




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

Околу 64 проценти од анкетираните претпријатија ги искористиле своите резерви за покривање на неконзистентните/недоволните парични текови во текот на пандемијата (Слика 5).[15] Речиси една третина од претпријатијата искористиле

15 Испитаниците имаа можност да ги изберат сите одговори/опции што се однесуваат на нивната ситуација.

заеми, а од нив, 24 проценти искористиле комерцијални заеми, додека 11 проценти искористиле заеми од Македонската банка за поддршка на развојот. 17 проценти од претпријатијата не доживеале никакви тешкотии со паричните текови. Наодите од анкетата во април-мај покажуваат дека 47 проценти од претпријатијата имале сопствени средства или искористиле надворешно финансирање. Тоа е многу помалку отколку процентот на претпријатија што изјавиле дека ќе ги користат овие две опции за финансирање во анкетата во октомври-декември. Тоа можеби укажува дека претпријатијата биле повеќе песимистични во првата анкета (особено во врска со сопствените средства) и/или дека владините мерки што го подобриле пристапот до финансии (пред сè, вклучувањето на Развојната банка, но и комерцијалните банки) биле вистинските политики.

Покрај дадените опции за одговор на ова прашање, испитаниците додале уште еден начин за надминување на тешкотиите со паричните текови, а тоа е користењето сопствени, приватни средства на сопственикот. Исто така, некои изјавиле дека се пријавиле за заеми од Развојната банка на Северна Македонија, но не добиле никаков одговор во врска со нивното барање.

**Слика 5**. Начини на кои претпријатијата се справиле со неконзистентниот/недоволниот паричен тек




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

Претпријатијата искористиле различни стратегии за да ги зголемат своите приходи во текот на кризата предизвикана од КОВИД-19. Малку помалку од половина од претпријатијата (52 проценти) понудиле нови производи или услуги, или направиле модификации на постојните производи или услуги (Слика 6). Околу 35 проценти од претпријатијата ја намалиле цената на избран производ/услуга за да ја зголемат продажбата и приходот (под претпоставка дека купувачите се високо чувствителни на цената). Една четвртина од претпријатијата се погрижиле да им бидат достапни на нивните купувачи преку обезбедување достава и/или онлајн продажба (купување преку интернет). Само 9 проценти изјавиле дека се стекнале со нов талент како стратегија за зголемување на приходите.

Податоците од анкетата покажуваат одредени измени во стратегиите на претпријатијата за зголемување на приходите во споредба со резултатите од анкетата

во април-мај (иако прашањето не е исто). Конкретно, во анкетата во април-мај, сличен удел (28 проценти) од претпријатијата одговориле дека направиле промени во пристапот до клиентите на нови начини (како што е воведување продажба преку интернет). Тоа била брза промена, но малку претпријатија (14 проценти) го диверзифицирале своето производство или почнале да нудат производи за кои има поголема побарувачка. Иако било потребно време, ова укажува дека македонските претпријатија успеале да се прилагодат на здравствената и економската криза.

**Слика 6**. Главни стратегии за зголемување на приходите во текот на, и по КОВИД-19




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

Главниот предизвик за анкетираните претпријатија во рамките на синџирот на вредности е недоволната домашна побарувачка, според она што го изјавиле 57 проценти на анкетираните претпријатија. Тоа делумно е поврзано со карактеристиките на анкетираните претпријатија, бидејќи 61 процент од нив работат само на домашен пазар. Околу 27 проценти од претпријатијата изјавиле дека се соочиле со пониска надворешна побарувачка, додека 16 проценти од сите претпријатија не доживеале никакви тешкотии во рамките на нивниот синџир на вредности. (Слика 7).

Малку претпријатија отпуштиле вработени во текот на економските тешкотии што ги донесе пандемијата. Само 12 проценти од претпријатијата изјавиле дека отпуштиле вработени, додека 7 проценти дури и го зголемиле бројот на вработени (Слика 8). Релативно висок процент од претпријатијата (39 проценти) го намалиле или одложиле покачувањето на платите и годишните бонуси или го намалиле/замрзнале вработувањето нови лица. Покрај тоа, многу претпријатија (36 проценти) ги намалиле трошоците за развој на персоналот. Во анкетата во април-мај, 9 проценти од претпријатијата изјавиле дека отпуштиле работници, а

**Слика 7**. Главни предизвици на претпријатијата во рамките на нивниот синџир на вредности




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

во повеќето случаи, тоа биле помалку од 10 проценти од нивната работна сила.[16] Повеќето претпријатија го намалиле работното време (69 проценти). Процентот на претпријатија што спровеле принуден/неплатен одмор е сличен во двете анкети.

**Слика 8**. Мерки што претпријатијата ги презеле во врска со нивните вработени




*Source:* Enterprise survey, October–December 2020.

16 Опциите дадени како одговор на ова прашање во двете анкети се слични, но не се идентични. Тоа оневозможува директна споредба.

Што се однесува до претпријатијата што отпуштиле вработени, мнозинството (53 проценти) отпуштиле помалку од 10 проценти од своите вработени. Ова е слично на состојбата што претпријатијата ја пријавиле во текот на анкетата во април-мај.

**Слика 9.** Удел на отпуштени работници во вкупната работна сила




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

*Забелешка: Оваа бројка ги вклучува само оние претпријатија што отпуштиле вработени. Тие претставуваат 12,2 проценти од сите претпријатија во анкетата (30 претпријатија).*

Податоците од анкетата покажуваат дека 73 проценти од претпријатијата што отпуштиле работници изјавиле дека жените биле 10 проценти помалку од вкупниот број на отпуштени работници. Во 17 проценти од претпријатијата што отпуштиле работници, повеќе од 41 проценти од отпуштените работници биле жени (Слика 10а). Во однос на релативните позиции на мажите и жените на пазарот на труд во текот на пандемијата, достапните податоци покажуваат неодредени и спротивставени случувања. Иако податоците од Анкетата на работната сила покажуваат зголемено вработување и намалување на невработеноста на жените (иако активност што е во опаѓање), Агенцијата за вработување евидентирала поголем прилив во регистарот на невработени од вработувања на жени во однос на мажи, во периодот март-октомври 2020 година.

Податоците, исто така, покажуваат дека работниците со договори на определено време не биле меѓу најпогодените во однос на отпуштањето работници. 63 проценти од претпријатијата што отпуштиле работници изјавиле дека помалку од 25 проценти од работниците што биле отпуштени биле со договор на определено време (Слика 10б). Во 17 проценти од случаите, повеќе од 50 проценти од отпуштените работници биле вработени со договор на определено време.[17]

Многу мал дел (3 проценти) од претпријатијата што отпуштиле работници изјавиле дека планираат да ги вратат на работа отпуштените работници до крајот на 2020 година. Околу 23 проценти од претпријатијата укажале дека постои

17 Тоа не мора да значи дека работниците со договор на дело биле отпуштени. Можеби нивните договори истекле и не се обновиле

**Слика 10.** Удел на отпуштени работници според карактеристиките на работната сила




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

*Забелешка: Оваа бројка ги вклучува само оние претпријатија што отпуштиле вработени. Тие претставуваат 12,2 проценти од сите претпријатија во анкетата (30 претпријатија).*

голема веројатност да ги вратат на работа работниците што претходно ги отпуштиле. Во времето на анкетата, 73 проценти од претпријатијата изјавиле дека дефинитивно не планираат да отпуштат работници до крајот на 2020 година. Три проценти дефинитивно ќе отпуштат уште вработени, а 23 проценти веројатно ќе отпуштат вработени.

Втората анкетата вклучуваше прашања поврзани со работењето од далечина, со оглед на тоа што пандемијата предизвикана од КОВИД-19 донесе голема

**Слика 11.** Претпријатија што очекуваат повторно да ги вработат работниците што ги отпуштиле поради КОВИД-19




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

промена во начинот на работење за многу претпријатија ширум светот, и во Северна Македонија.

Според анкетата, работењето од далечина претходно ретко се користело како опција од страна на македонските претпријатија и работници. Околу 91 проценти од претпријатијата изјавиле дека воопшто не користеле работење од далечина пред пандемијата, а 7 проценти од претпријатијата изјавиле дека користеле работење од далечина за помалку од 25 проценти од нивните вработени (Слика 12). Во текот на пандемијата, две третини од претпријатијата дозволиле работење од далечина од неколку причини. Прво, владините ограничувања на движењето на лицата, како што беа безбедносните мерки со ограничено движење и затворање ги принудија некои претпријатија и работници да работат од далечина. Второ, со владина одлука им беше дозволено на родителите на деца на возраст под 10 години да останат дома и да се грижат за нив (еден од вработените родители), а беше дозволено и продолжено платено отсуство за бремени жени, породилно и родителско отсуство. Со оглед на тоа, вработените во приватниот и во јавниот сектор кои имаат малолетни деца на возраст до 10 години за кои е потребна домашна грижа беа ослободени од работа и им беше дозволено да работат од дома (еден родител).[18] Работодавачите не добија финансиски надоместок за загубата на работни часови додека нивните вработени мораа да се фокусираат на своите семејни одговорности. Тоа стави голем притисок врз вработените (доминантно вработени мајки) кои требаше да се справат со работењето од дома и со дополнителната привремена улога како едукатори на своите помали деца. Трето, работниците кои беа заболени од КОВИД-19 или мораа да останат во изолација поради контакт со заразено лице исто така се префрлија на работење од далечина. Во текот на пандемијата предизвикана од КОВИД-19, 16 проценти од претпријатијата изјавиле дека над 75 проценти од нивните вработени работат од далечина. Една третина воопшто не користела работење од далечина (во споредба со 91 процент пред КОВИД-19).

**Слика 12** Удел на вработени што работат од далечина, резултати во периодот пред, за време на, и по КОВИД-19[19]




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

18 Нема официјални податоци колку работници и претпријатија ја искористиле оваа можност.

19 Се смета дека работниците работат од далечина ако работат од дома барем еднаш неделно.

Додека 66 проценти од претпријатијата одговориле дека не би користеле работење од далечина по пандемијата, значителен број претпријатија одговориле дека би продолжиле да користат работење од далечина. Пандемијата донесе голема промена во начинот на работење во Северна Македонија. Околу 22 проценти од претпријатијата одговориле дека ќе користат работење од далечина за помалку од 25 проценти од нивните вработени, а 3 проценти изјавиле дека ќе користат работење од далечина за над 75 проценти од своите вработени.

Микро и големите претпријатија поверојатно користеле работење од далечина во текот на пандемијата, во споредба со малите и средните претпријатија, иако со различен интензитет. Микро-претпријатијата префрлиле поголем дел од својот персонал (над 75 проценти) на работа од далечина, додека големите претпријатија користеле работење од далечина за помалку од една четвртина од своите вработени.

26 проценти од претпријатијата одговориле дека планирале да се префрлат на флексибилно уредување на работата за да овозможат поголемо користење на работењето од далечина. 11 проценти од нив планираат да направат големи промени на тековните практики, додека 15 проценти ќе направат некакви промени. 65 проценти од претпријатијата сè уште претпочитаат нивните вработени да работат со физичко присуство на работното место, најчесто поради природата на деловното работење (на пример, производство).

**Слика 13.** Идни преференции во однос на работните аранжмани




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

# IV. Перцепцијата на претпријатијата за владините мерки за поддршка

Општо земено, претпријатијата покажуваат релативно незадоволство од владините мерки за справување со негативните ефекти на КОВИД-19 врз економијата. Конкретно, 61 процент од претпријатијата покажуваат незадоволство од владините антикризни мерки: 18 проценти веруваат дека мерките биле целосно несоодветни, додека 43 проценти сметаат дека мерките би можеле да бидат подобри (Слика 14). Околу 3 проценти одговориле дека мерките го спасиле нивното претпријатие, додека за 8 проценти мерките биле соодветни, но не од посебно значење за нивното претпријатие.

**Слика 14.** Оцена на владините економски мерки во однос на потребите на претпријатијата




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

Најмногу ценетата мерка од страна на претпријатијата беше поддршката за плати (субвенција на плата), мерка што беше наменета за зачувување на работните места. Оваа мерка била соодветна за 50 проценти од претпријатијата, а на 11 проценти од нив таа им го спасила претпријатието (Табела 1). Субвенциите на плата биле најскапата мерка спроведена во текот на пандемијата. Субвенцијата на плата за приватниот сектор била на ниво на 14.500 денари (ниво на минимална плата), првично за април и мај, се продолжи за јуни, и беше наменета за претпријатијата и самовработените што претрпеле пад на нивните приходи од најмалку 30 проценти. Вкупно 84 милиони евра (0.8 проценти од БДП) беа потрошени за оваа мерка за периодот април-јуни (најскапата економска антикризна мерка), што ја искористија:

- **19.300 илјади претпријатија, во просек, месечно, и беа поддржани околу 117.000 илјади работни места/работници, во просек, месечно, што изнесува околу 18 проценти од вкупниот број вработени, и**

- **5.900 илјади самовработени, месечно, што изнесува речиси 8 проценти од вкупниот број самовработени лица.**

Трошоците на програмата досега изнесуваат околу 6 проценти од вкупната маса на плати во земјата, што е релативно малку. Трошокот е блиску до проекцијата на МОТ од 4 проценти од масата на плати.

Спроведувањето на оваа мерка продолжи со четвртиот пакет на владината поддршка, иако беше донекаде изменета. Субвенцијата се движеше меѓу 14.500-21.776 денари, во зависност од падот на приходот на претпријатието.[20]

**Табела 1.** Оцена на претпријатијата на поединечните владини мерки за помош (процент на анкетирани претпријатија)

| Мерка | Не е применливо | Несоодветни /недоволни | Ниту соодветни/ ниту несоодветни | Генерално соодветни | Мерката го спасила претпријатието | Соодветни, но претпријатието би било одржливо дури и без тие мерки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Даночни одложувања | 23 | 19 | 17 | 28 | 2 | 11 |
| Поддршка на плата | 14 | 18 | 11 | 39 | 11 | 7 |
| Мораториум на исплата на долгови | 20 | 15 | 14 | 39 | 5 | 8 |
| Одложување на плаќањата на кредитите | 26 | 12 | 22 | 28 | 3 | 10 |
| Заеми за ликвидност од Македонската банка за поддршка на развојот | 30 | 14 | 18 | 26 | 3 | 8 |
| Ваучери за туризам | 32 | 10 | 18 | 28 | 2 | 9 |
| Ваучери за купување домашни производи | 24 | 10 | 16 | 39 | 2 | 9 |
| Намалување на парафискалните давачки | 24 | 13 | 22 | 33 | 1 | 6 |
| Намалување на ДДВ за одредени индустрии | 22 | 10 | 15 | 42 | 1 | 10 |

*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

20 Податоците од октомври покажуваат дека биле потрошени 15,5 милиони евра за поддршка на речиси 61.000 илјада работни места во околу 12.500 илјади претпријатија. Покрај тоа, биле потрошени 5,4 милиони за поддршка на околу 4.300 илјади самовработени лица. Поддршката на двете категории претставува околу 9 проценти од вкупниот број работници и самовработени лица.

Втората најмногу ценета мерка за претпријатијата беше мораториумот на исплатата на долговите (како што изјавиле 44 проценти од претпријатијата), по што следува намалувањето на ДДВ за одредени индустрии (за 43 проценти од испитаниците). Поддршката на плата била оценета како најкорисната владина мерка во анкетата во април-мај, а по неа следувала поддршката во форма на субвенционирани/гарантирани заеми. Даночните одложувања биле третата најкорисна мерка.[21]

Од сите анкетирани претпријатија, 22 проценти одговориле дека сигурно ќе се пријават за мерките од четвртиот пакет економски мерки, а 29 проценти најверојатно ќе се пријават. Малку помалку од половина од претпријатијата (48 проценти) изјавиле дека нема да се пројават за мерките од четвртиот пакет. Наодите од првата анкета покажаа дека 46 проценти од претпријатијата се пријавиле за владините мерки за поддршка.

Повеќето од претпријатијата кои одговориле дека ќе се пријават за мерките од четвртиот антикризен пакет (46 проценти) би се пријавиле за поддршка на плата. 16 проценти ќе се пријават за грантови за посебни индустрии, а 14 проценти за одложување на плаќањето на кредитите (Слика 15).

**Слика 15.** Намера на претпријатијата да се пријават за мерките за поддршка од четвртиот пакет економски мерки




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

47 проценти од анкетираните претпријатија сметаат дека Владата ги вклучила главните барања на деловната заедница при формулирањето на четвртиот пакет мерки за економска поддршка (Слика 16). 27 проценти од испитаниците не мислат така.

21 Прашањето во првата анкета беше поставено во малку поинаков формат, затоа податоците не се директно споредливи, но рангирањето на најкорисните мерки обезбедува корисни информации.

**Слика 16.** Степен до кој претпријатијата се согласуваат/не се согласуваат дека владата одговорила на барањата на деловната заедница




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

И покрај владината поддршка во текот на пандемијата од КОВИД-19 преку четири пакети мерки, 41 процент од претпријатијата одговориле дека нивното претпријатие не би издржало без дополнителен, петти пакет антикризни мерки.

**Слика 17.** Одржливост на претпријатието во отсуство на нов пакет економски мерки за поддршка




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

Итноста и потребата за дополнителни антикризни мерки многу јасно беа изнесени во првата анкета кога 43 проценти од претпријатијата одговориле дека ќе преживеат најмногу 1-3 месеци во случај тековната ситуација да потрае. Оттогаш, Владата формулираше два дополнителни антикризни пакети, но со оглед на тоа дека состојбата со пандемијата не се подобрува, има потреба за дополнителни мерки за поддршка на економијата и на претпријатијата.

Потребата за нов пакет економски мерки е слична и кај микро, малите и средните претпријатија, додека само една петтина од големите претпријатија имаат потреба од нови мерки за поддршка.

Поддршката на плата се смета за најкорисната дополнителна мерка за петтиот пакет антикризни економски мерки (претпријатијата имаа можност да изберат до три мерки од општ список на потенцијални мерки). 83 проценти од претпријатијата што одговориле дека сигурно или најверојатно ќе се пријават за петтиот пакет мерки ги избрале субвенциите на плата како најзначајната мерка за нивната одржливост (Слика 18). По неа следуваат дополнителни субвенционирани или гарантирани заеми од Македонската банка за поддршка на развојот (37 проценти) и даночни одложувања (29 проценти).

**Слика 18.** Дополнителни мерки за поддршка за одржливоста на претпријатијата




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

Претпријатијата од сите големини ги идентификувале субвенциите на плата како најкорисна мерка за поддршка. Меѓутоа, уделот на претпријатија што изразиле намера да се пријават за оваа мерка постепено опаѓа со големината на претпријатието, од 52 проценти од микро-претпријатијата до 25 проценти од големите претпријатија.

Покрај горенаведените мерки, претпријатијата, исто така, навеле две дополнителни мерки што би можеле да ја поддржат нивната одржливост. Тие вклучуваат подобро информирање и информации за контакт за достапните мерки, и редовно работење на државните институции.

Општо земено, испитаниците имаат релативно позитивен став за иднината на нивното претпријатие. Имајќи ја предвид тековната состојба во претпријатието (и секторот), 42 процент од претпријатијата очекуваат целосно закрепнување, а 17 проценти веќе имале подобрена состојба во времето на спроведување на анкетата. 31 процент ќе треба да спроведат дополнителни мерки за намалување на трошоците за да закрепнат од економската криза, а некои можеби ќе отпуштат уште работници (Слика 19). Околу 2 проценти размислувале за трајно затворање. Претпријатијата од сместувањето и угостителството, градежништвото, образованието и други услужни дејности биле најмногу песимистични во врска со закрепнувањето, наведувајќи дека или привремено би затвориле или дека нема да закрепнат.

**Слика 19.** Можности за закрепнување на претпријатието




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

Анкетираните претпријатија очекуваат дека ќе биде потребно долго време за закрепнување. Конкретно, 41 процент од претпријатијата кои изјавиле дека очекуваат дека ќе закрепнат (видете го претходното прашање) предвидуваат дека закрепнувањето ќе трае подолго од една година, а 35 проценти очекуваат дека закрепнувањето ќе трае 6-12 месеци (Слика 20).

**Слика 20.** Проценето време потребно за враќање на работењето




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

Претпријатијата што очекувале подолго закрепнување (над 12 месеци) припаѓаат на следниве економски сектори: други индустриски дејности (67 проценти), финансиски и осигурителни дејности (43 проценти), образование (33 проценти), сместување и угостителство (проценти), градежништво (32 проценти) и производство (32 проценти).

# Референци


International Labour Organization 2020. COVID-19 and the World of Work: Rapid Assessment of the Employment Impacts and Policy Responses. Северна Македонија. Петто издание. 15 мај 2020 година. Достапно на: https://www.ilo.org/budapest/what-we-do/publications/WCMS_746124/lang--en/index.htm.

Македонија 2025. Влијанието на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 врз претпријатијата во Северна Македонија. Мај 2020 година. Достапно на: https://socijalendijalog.mk/wp-content/uploads/2020/08/ENG-Report-on-the-impact-of-COVID-19-FINAL-rev-4-17-8-20.pdf.

# Прилози: Дескриптивна статистика на анкетираните претпријатија

**Слика А1.** Вид на сопственост на претпријатие




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

**Слика А2.** Големина на претпријатијата според бројот на вработени




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

**Слика А3.** Удел на жени во вкупната работна сила




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

**Слика А4.** Извозни активности на претпријатијата




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

**Слика А5.** Статус на работењето на претпријатието




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

*Забелешка: Ниту едно од претпријатијата не изјави дека трајно затворило.*

**Слика А6.** Главен сектор на дејност




*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

*Забелешка: Некои сектори во примерокот на анкетата имаат само 1-2 претпријатија меѓу анкетираните претпријатија. Тие вклучуваат рударство и каменоломи; недвижности; уметности, забава и рекреација; водоснабдување, канализација, управување со отпад; електрична енергија, гас, пареа и климатизација. Овие сектори се групирани во „други економски сектори". Овие сектори/претпријатија се исклучени од секторската анализа во извештајот.*

**Слика А7.** Локација на претпријатието

| Град | % |
|---|---|
| Скопје | 48% |
| Битола | 7% |
| Куманово | 7% |
| Прилеп | 6% |
| Охрид | 5% |
| Штип | 3% |
| Свети Николе | 3% |
| Струга | 2% |
| Гевгелија | 2% |
| Кочани | 2% |
| Тетово | 2% |
| Велес | 2% |
| Радовиш | 2% |
| Ресен | 2% |
| Гостивар | 1% |
| Кавадарци | 1% |
| Струмица | 1% |
| Валандово | 1% |
| Друго | 17% |

*Извор:* Анкета на претпријатијата, октомври-декември 2020 година.

*Забелешка: Претпријатијата се од вкупно 26 општини, од вкупно 84 општини. Општините со зачестеност (бројност) од 1 се групирани во категоријата „ Друго".*

**ilo.org/budapest**
ILO Office for Central and Eastern Europe
14 Mozsár utca
Budapest 1066, Hungary